„Најдобра е мојата генерација, потоа оние што ќе дојдат по нив, а потоа оние по нив.“

Имран бин Хусејн, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Најдобра е мојата генерација, потоа оние што ќе дојдат по нив, а потоа оние по нив.“ Имран рекол: „Не знам дали спомна две или три генерации.“ Потоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, додал: „По вас ќе дојдат луѓе кои ќе изневеруваат и нема да бидат достојни за доверба; ќе сведочат, а нема да бидат повикани за сведоци; ќе даваат завети, но нема да ги исполнуваат – и кај нив ќе се рашири дебелината.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека најдобрата генерација од луѓето што живееле во исто време е неговата генерација – генерацијата на асхабите. Потоа доаѓаат верниците што ги доживеале асхабите, но не го доживеале Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, а потоа генерацијата на таби табиините. А асхабот кој го пренесува хадисот се двоумел дали Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, спомнал и четврта генерација по нив. Потоа рекол: „По нив ќе дојдат луѓе кои ќе изневеруваат и нема да заслужуваат доверба; ќе сведочат, а нема да бидат повикани да сведочат; ќе даваат завети, но нема да ги исполнуваат – и ќе живеат во изобилство од јадење и пиење, сè додека кај нив не се рашири дебелината.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66370